Врз основа на заклучоците од 454. седница на Наставно-научниот совет на Градежниот факултет во Скопје одржана на 05.09.2017 година, член 17 став 3 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Градежниот факултет во Скопје во состав на Универзитетот "Св.Кирил и Методиј" во Скопје, (Универзитетски гласник бр. 268/2013) и Договорот за деловно техничка соработка помеѓу Градежниот факултет и Друштвото за инженерство, проектирање, консалтинг и обука, а по барање на катедрите на Факултетот, се распишува

**ИНТЕРЕН КОНКУРС**
**за избор на соработници за академската 2017/2018 година**

За вршење на стручно-апликативни и научно-истражувачки активности за потребите на Градежниот факултет во Скопје, а кои ќе се остваруваат преку Друштвото за инженерство, проектирање, консалтинг и обука (ДИПКО), дооел - Скопје, се распишува интерен конкурс за избор на соработници од редот на студентите, и тоа за:

1/ Катедра за техничка механика и јакост на материјалите - 1 извршител
2/ Катедра за теорија на конструкциите - 3 извршители
3/ Катедра за бетонски и дрвени конструкции - 7 извршители
4/ Катедра за метални конструкции - 2 извршители
5/ Катедра за водоснабдување, канализација и мелиорации - 2 извршители
6/ Катедра за хидраулика, хидрологија и уредување на водотеците - 4 извршители
7/ Катедра за технологија и организација на градба - 1 извршител
8/ Катедра за патишта - 2 извршители
9/ Катедра за геотехника - 4 извршители
10/ Катедра за железници - 2 извршители
11/ Катедра за виша геодезија - 2 извршители
12/ Катедра за геодезија - 10 извршители
13/ Катедра за математика - 2 извршители
14/ Катедра за хидротехнички објекти - 1 извршител

Кандидатите треба да достават:

- Пријава, во која ќе биде назначена катедрата за која се пријавува
- Кратко CV( со контакт телефон и e-mail)
- Доказ дека е студент на трет, втор или прв циклус на студии и потврда за остварен просечен успех во претходните и тековниот циклус на образование.
- Потврда од Агенција за вработување на РМ за невработени (не е неопходна само за студенти на прв циклус) или потврда од работната организација за вработени.

Предност имаат кандидатите кои се запишани на трет циклус на студии и имаат остварено просечен успех од најмалку 8,50 (прв и втор циклус на студии поодделно).

За магистрите е потребно да имаат остварен просечен успех од сите предмети од претходно завршеното високо образование од најмалку 8,50 (прв и втор циклус на студии поодделно).

Доколку на конкурсот нема доволно кандидати кои ги исполнуваат наведените услови, по директно писмено барање на катедрите може да се вклучат и:

- студенти од прв циклус на студии во завршна година на студирање со просек над 8,50
- кандидати запишани на трет или втор циклус кои имаат остварено помал просек од горенаведениот.

Документите се доставуваат во Архивата на Градежен факултет најдоцна до 13.9.2017 год.

Универзитет “Св.Кирил и Методиј”
ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ